**<u>Образец бр. 2</u>**

## Иницијална проценка на влијание на регулативата

### Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

1. **Опис на проблемите**

   Во Република Македонија поимот на концесија и други видови на јавно партнерство видовите, начинот, условите и постапката за доделување на концесии и други видови на јавно приватно партнерство е уредена со Законот за концесии и други видови на јавно партнерство ("Службен весник на РМ бр.7/08,139/08, 64/2009 и 52/10).
   Постоечкиот Закон за концесии и други видови на јавно приватно партнерство беше дизајниран пред се да одговори на евроинтеграционите процеси и потребата да се создаде правна рамка, односно соодветна законска легислатива која ќе овозможи влез на приватниот капитал во изградба на инфраструктурни објекти, како и влез на приватниот капитал во јавниот сектор заради обезбедување на квалитетни јавни услуги.

   Оттука донесување на нов закон кој ќе ја регулира предметната област се во насока на потребата од доусогласување на постоечкиот закон со европското законодавство, односно изготвување на закон кој целосно ќе биде усогласен со барањата на Европската комисија.
   Воедно заради унифицирање на постапките за концесии уредени со посебните закони, се предлага сите посебни закони кој уредуваат концесии да се усогласат со одредбите на новиот закон, а со оглед на тоа што се воведува жалбата како средство за правна заштите се наметнува и потребата од измена на Законот за јавните набавки, во насока на тоа на Државната комисија за жалби по јавни набавки да и се даде надлежност да постапува и по жалбите против одлуките донесени во постапките за концесии и јавно приватно партнерство.

2. **Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

   Целта за донесување на нов закон е да се постигне задоволителното ниво на усогласеност со европското законодавство во областа на концесиите и јавно приватно партнерство и соодветно имплементирање на директивата 2004/18/ЕЗ од 31 март 2004 година, односно донесуваање на соодветна законска легислатива која ќе овозможи да се зголеми приватната иницијатива во финансирањето на дејностите од јавен интерес, како неопходна претпоставка за зголемување на инвестициите и обезбедување на подинамичен економски развој.

3. **Идентификација на можни решенија (опции)**

Решенијата се во насока на:

1. Целосно хармонизирање на законодавството од областа на јавно приватно партнерство и концесии со соодветните директиви на Европската унија.

2.Соодветна примена на Законот за јавни набавки во делот на  постапките за доделување на договорите за јавните приватни партнерства вклучувајќи ги и концесиите на јавна работа и концесиите на јавна услуга.

3.Воведување на жалбата како  правно средство против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземените дејствија од страна на јавниот партнер и концедентот,односно правната заштита обезбедена за доделување на јавните договори во законот за јавни набавки ќе се применува исто така и за доделување на концесиите и јавно приватно партнерство.

4.Се определува Министерството за економија како надлежен орган за јавно приватно партнерство кој ќе дејствува како координатор во областа на јавно приватно партнерство со одредени надлежности.

5.Се пропишува посебна постапка за доделување на концесија на добра од општ интерес.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

**Предложено решение (опција):** Предлог на Закон за концесии и јавно приватно партнерство

**Опис:** Содржината на Законот е систематизирана во 7 делови (глави) со вкупно  65 членови.

Во ГЛАВА 1-се дадени Општите одредби (од членот 1 до членот 21)

1.Во општите одредби на законот опишан е предметот и целта на регулирање на овој закон во кој член е пропишана  примената на одредбите од овој закон по глави, поимот и видовите на јавно приватно партнерство, содржани се дефинициите на одделни изрази кои се употребуваат во законот, одредби за случаевите на комбинрани договори,  доделување на државна помош, исклучоците од примена на одредбите на законот и начинот на стекнување на правото на сопственост над објектите изградени според јавно приватно партнерство. Во оваа глава таксативно се наведени  начелата согласно кои се спроведува постапката, уреден е начинот на определување на концесискиот надоместок, а исто така се уредува и начинот и условите за формирање и поимот на  Друштвото за посебна намена. Оваа глава покрај останатото ги регулира улогата и надлежностите на Министерството за економија како надлежен орган од областа на јавно приватно партнерство, составот, надлежностите и мандатот на Советот за јавно приватно партнерство, како и начинот на формирање, составот и надлежностите на Комисијата која ќе ја спроведе постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство. Оваа глава содржи одредби со  кои се упатува на соодветна примена на Законот за јавните набавки во делот на  спроведувањето на постапките, и на постапката за  доделување на

договори за воспоставување на јавно приватно партнерство ( вклучувајќи ги и концесиите за јавна работа/јавна услуга), како и одредби со кои се пропишани дејствијата на подготвителните работи за доделување на концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство и дејствијата на започнување на постапката со уредување на условите и начинот на донесување на одлуката за започнување на постапката и нејзината содржина, притоа посебно уредувајќи ја содржината на огласот за доделување на договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Глава 2- Постапка за доделување на концесија на добра од општ интерес (од член 22 до член 38)

Оваа глава ја регулира постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес како посебна постапка која ќе се применува исклучиво за овој вид на концесии. Поточно во оваа глава се регулираат сите прашања околу начинот на изготвување на тендерската документација, нејзината содржина, како и измената и дополнувањето на истата, надоместокот кој се плаќа за неа и дополнителните прашања по истата, видот и висината на гаранцијата за учество во оваа постапка, содржината на јавниот повик за доделување на концесија на добра од општ интерес и начинот и рокот на доставување на понудите, како и критериумите по кои може да се врши избор на најповолна понуда. Воедно оваа глава содржи и одредби за јавното отворање на понудите, нивна евалуација и изготвување на извештај за евалуација, врз основа на кој се носи одлуката за избор на најповолната понуда со точно утврдена содржина и во определени рокови. Во оваа глава се содржани одредби за условите под кои може да се поништи постапката за доделување на концесијата на добра од општ интерес со нивно таксативно набројување во законот.

Глава 3 – Договор за концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство (од член 39 до 53)

Оваа глава го регулира периодот за кој се склучува договорот за концесија на добра од општ интерес и договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство кој изнесува 35 години сметано од денот на потпишување (склучување) на договорот,односно од денот на влегување во сила на договорот, ако овој датум се разликува од претходниот, се разбира доколку со посебен закон поинаку не е уредено, потоа го уредува начинот на склучување на договорот, поточно кој го потпишува договорот и меѓу кого се склучува, притоа предвидена е можност договорот да се склучи и со второрангираниот кандидат, доколку избраниот понудувач се откаже од негово склучување. Содржината на договорот за концесија на добра од општ интерес и договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство ја пропишува министерот за економија. Предлог законот во оваа глава ги утврдува случаевите на изменување на договорите предвидени со истиот, условите под кои може да се изврши пренос на договорот, се воведува клаузула на сигурност за концесионерот или приватниот партнер заради заштита од финансиски последици како резултат на промена на прописите кои стапуваат во сила по потпишување на договорот, а исто така се уредуваат и случаевите на престанок на концесија и јавно приватно партнерство (истекување на рокот на важење на договорот, раскинување на договорот:едностран раскин од страна на концедентот или јавниот партнер, едностран раскин од страна на концесионерот или приватниот партнер и спогодбено раскинување, стечај или ликвидација на

концесионерот или приватниот партнер и други случаи предвидени со закон) со детален опис на истите.Оваа глава ги обработува и правилата за доделување на дополнителни работи и услуги на концесионери за јавна работа и концесионери за јавна услуга, како и уловите и начините на подизведување. Оваа глава утврдува обврска за јавниот партнер, вклучувајќи го и концедентот кај концесиите за јавна работа/јавна услуга да го планираат вкупниот износ на финансиски обврски во тековната година за реализација на проектите за јавно приватно партнерство, односно концесија за јавна работа/јавна услуга, поради што е должен финансиските средства за таа намена да ги прдвиди во својот буџет и за истите да добие согласност од Министерството за финансии. Овој дел содржи и одредба за примена на законот за облигациони односи за сите прашања кои се однесуваат на договорите утврдени со овој закон, а не се регулирани со истиот. Како новина во овој предлог закон се правилата што се применуваат на договорите за работи доделени на трети страни од концесионери за јавни работи, со кој се воведува обврска за овие концесионери доколку доделуваат договор за јавна работа на трета страна поврзана со предметот на концесијата за јавна работа да ги почитува правилата за известување и временските рокови утврдени во оваа одредба од предлог законот.

Глава 4 – Надзор (член 54) се однесува на обврската јавниот партнер односно концедентот согласно законот да врши постојан и редовен надзор на начинот на спроведувањето на концесијата на добра од општ интерес или договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство, како и над реализацијата на доделените договори.

Глава 5 -Правна заштита (член 55) Согласно одредбите во оваа глава правната заштита се обезбедува преку правото на жалба и се однесува на сите постапки за доделување на договори согласно овој закон, која се спроведува согласно одредбите од Законот за јавните набавки. Надлежна за постапување по жалбите е Државната комисија за жалби по јавни набавки, која одлучува во постапка согласно одредбите од Законот за јавни набавки.

Глава 6- Извештај и регистар на доделени договори (од член 56 до член 58)

Со оваа глава се пропишува обврска на органот надлежен за спроведување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство, да изготви писмен извештај за секоја започната, но не завршена постапка за овој вид на договори и истиот да го достави до Министерството за економија, чија форма и содржина ја пропишува министерот за економија. Во оваа глава се сместени и одредбите за Регистарот на доделените договори за за воспоставување на јавно приватно партнерство кој ќе го води Министерството за економија, за која цел е утврдена обврска за надлежните органи за спроведување на ваквите договори до него да ги доставуваат сите податоци за склучување на договорот и неговата измена на посебен образец, чија форма и содржина ја пропишува министерот за економија.

Глава 7 – Преодни и завршни одредби ( од член 59 до член 65)

Оваа глава се однесува на примената на законот, рокот за носење на подзаконските акти (3 месеци од денот на влегување во сила на законот) и одредби за влегување во сила на законот. Согласно одредбите за примена, на започнатите постапки за доделување на концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство и на договорите склучени пред влегување во сила на

предложениот закон ќе се применува постоечкиот Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство. Во оваа глава е дадена обврска сите посебни закони од областа на концесиите да се усогласат со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на неговото влегување во сила, како и обврската на надлежните органи за доделување на договори за воспоставување на јавно приватно партнерство, во рок од 6 месеци да достават податоци за ваквите склучени договори до Министерството за економија. Советот за јавно приватно партнерство формиран согласно постоечкиот Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство продолжува да работи согласно одредбите на овој предлог закон.

1. **Трошоци**

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.

  НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.

  ДА

  Министерството за економија како надлежен орган во оваа област треба да ги покрие финансиските трошоци (отприлика во износ од 10.000 евра (ЕУР) во денарска против вредност) за изработка на модулот за објавување на огласите за доделување на договори за воспоставување на јавно приватно партнерство во ЕСЈН, од страна на Бирото за јавна набавка.

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.

  ДА

  За објавувањето на огласот за доделување на јавно приватно партнерство кое се остварува како договор за јавна набавка на работи или како договор за јавна набавка на услуги и за објавувањето на огласот за јавно приватно партнерство кое се остварува како концесија за јавна работа или како концесија за јавна услуга Бирото за јавни набавки ќе наплатува надомест од 100 евра (ЕУР) во денарска противвредност.

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

  ДА

Концедентот и јавниот партнер од понудувачите може да наплати надомест за издавање на тендерската документација, поднесување на банкарска гаранција или депонирани средства за учество во постапката.

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.

НЕ

## 2. Придобивки

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни

Подеднаква финансиска придобивка за јавниот партнер/концедентот и приватниот партнер/концесионерот во реализациија на проектите за јавно приватно партнерство и концесија. Имено согласно анализите утврдени во Студијата кон проектите за јавно приватно партнерство и концесии ќе се пристапи доколку тоа претставува заштеда на финансиски средства и финансиска придобивка за јавниот партнер/концедентот споредбено со извршување на јавната услуга со сопствени капацитети, а истовремено тоа да биде финансиски исплатливо и за приватниот партнер/концедентот кој учествува во реализација на проектот.

- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

Влез на приватниот капитал во изградба на инфраструктурни објекти, како и влез на приватниот капитал во јавниот сектор заради обезбедување на квалитетни јавни услуги.

## 3. Ризици и претпоставки

## 4. Останати влијанија

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

**Чекор 3: Консултации**

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**

Со предложениот Закон за концесии и јавно приватно партнерство ќе се обезбеди целосно усогласување со законодавството на Европската Унија во областа на јавното приватно партнерство и концесии, односно донесуваање на соодветна законска легислатива како неопходна претпоставка за зголемување на инвестициите и обезбедување на подинамичен економски развој.

Јавното приватно партнерство претставува еден од најсовремените модели за развивање на бизнис структурата и секако нов облик на обезбедување на јавни добра и услуги во една земја, која претставува и основ за привлекување на странски инвестиции. Начинот на кој се предлага регулирање на јавното приватно партнерство со овој закон, овозможува да се зголеми приватната иницијатива во финансирањето на дејностите од јавен интерес.

Решенијата се во насока на:

1. Целосно хармонизирање на законодавството од областа на јавно приватно партнерство и концесии со соодветните директиви на Европската унија.

2.Соодветна примена на Законот за јавни набавки во делот на постапките за доделување на договори за воспоставување на јавно приватно партнерство.

3.Воведување на жалбата како правно средство против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземените дејствија од страна на јавниот партнер

и концедентот,односно правната заштита обезбедена за доделување на јавните договори во законот за јавни набавки ќе се применува исто така и за доделување на концесиите и јавно приватно партнерство.

4.Се определува Министерството за економија како надлежен орган за јавно приватно партнерство која ќе дејствува како координатор во областа на јавно приватно партнерство со одредени надлежности.

5.Се пропишува посебна постапка за доделување на концесија на добра од општ интерес.

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

   Снежана Петковска, Раководител на сектор за правни работи
   т. 3093 491
   e-mail snezana.petkovska@economy.gov.mk

3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

   Катерина Костеска, Државен секретар

   т.3093 404

   e-mail katerina.kosteska@economy.gov.mk

   Снежана Петковска, Раководител на сектор за правни работи
   т. 3093 491
   e-mail snezana.petkovska@economy.gov.mk

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Има влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | НЕ |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | ДА |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | НЕ |

**Изјава од министерот**

Јас Фатмир Бесими изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Фатмир Бесими:

........................................................................ Датум:30.06.2011 год.